Врз основа на член 8, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/2019) и член 67 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Ректорот на Универзитетот на ден 12.10.2021 донесе

# ОДЛУКА

**за определување службени лица за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат проф. д-р Јана Кукеска и доц. д-р Благој Цонев за службени лица за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Ректорот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, како имател на информации.

Член 2

Службените лица за посредување со информации од член 1 на оваа Одлука, контактираат и ги даваат потребните инфорации од јавен карактер со кои располага Ректорот на Универзитетот во согласност со листата на информации со кои располагаат, утврдени со посебна Одлука и им помагаат на барателите на информации, за што се води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давањето на информациите, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. друг закон и актите на Универзитетот.

Службените лица за посредување со информации, по добивањето на барањето, формираат предмет со сите релевантни податоци со предлог до Ректорот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 3

Ректорот, или по негово овластување, проректорите, соработуваат со службените лица за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 4

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Член 5

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

*Број: 02 – 767/2*
*12.10.2021 год*

Ректор
проф. д-р Аце Миленковски, с.р